постои и забележлива количина на литература за феноменот на цврстина во која се наведува дека работниците во заштитните служби се емоционално помалку погодени од насилни дејствија отколку вработените во помалку опасни професии (Pollock et al., 2003). Истражувачите во тоа поле ја концептуализираат „цврстината“ најчесто како „отпорност“ која се смета како способност за „отскокнување“ (Bonanno, 2004: 20) и дефинирана како „способност на возрасните кои се изложени на изолирани и потенцијално нарушувачки настан, како што е (...) насилна или опасна по живот ситуација, за одржување на релативно стабилни, здрави нивоа на психолошко и физичко функционирање“. Некои ја гледаат еластичноста како вродена особина на личноста (Eley et al., 2013), додека други сугерираат дека честото изложување на насилство може да доведе до ефект на навикнување (Muldoon, 2013). Последното гледиште е критикувано од Андерсон и сор., (Anderson et al., 2002) кои наведуваат дека емоционалните последици што се припишуваат на искуствата на насилство не можат да се рутинизираат. Сепак, Хобс, и сор., (Hobbs et al., 2007) спроведоа студија за персоналот кој обезбедува и откри дека многу од нивниот примерок пораснале во средини каде изложувањето и вклучувањето во физичко насилство било секојдневие. Овие учесници сметале дека насилството не е само нормално, туку и корисно бидејќи нивното наследство ги опремило со физички и емоционални вештини за справување со напади. Гломб (Glomb, 2002) и Де Пуј и сор. (De Puy et al., 2015) го признаваат поимот издржливост, но имаат став дека емоционалните последици од насилниот чин се прилично зависни од сериозноста на насилниот чин.

Како и да е, сите наоди за емоционалното страдање на обезбедувачите по инцидентите со насилство на работа мора да се гледаат во светлината на нивната посебна професионална култура. Организациската култура е „комплексен збир на вредности, верувања, претпоставки и симболи кои го дефинираат начинот на кој фирмата го води својот бизнис“ и „се развива преку социјална интеракција, споделено искуство, заедничка обука и припадност, взаемна поддршка, поврзани вредности и норми и слични лични карактеристики на членовите на одредена професионална група“(Johnson, et al., 2009: 320). Така, професионалната култура на обезбедувачите може да опфати одредени општествени очекувања и барања кои би можеле да имаат влијание врз тоа до кој степен им е „социјално дозволено“ да искусат и изразуваат емоции во и надвор од нивната професионална група. До денес, малку истражувања ја истражувале професионалната култура на обезбедувачите.

Најцитираните студии се работата на Ригакос (Rigakos, 2002), Вејкфилд (Wakefield, 2003) и Батон (Button, 2007) кои ја проучувале професионалната култура на обезбедувачите. Батон (Button, 2007) идентификуваше одредени особини кај обезбдувачите, вклучувајќи, меѓу другото, храброст во способноста да се справи со лошите услови за работа, солидарност која произлегува од взаемно потпирање во опасни ситуации, мажественост, а меѓу другото и „параполициски континуум“ кој се движи од обезбедувачи со мала посветеност и желба да се избегне конфронтација до обезбедувачи со поголема посветеност и подготвеност да се вклучат во опасни ситуации (кои почесто се среќаваат).

Кога станува збор за емоционалните последици од насилството на работно место, културната особина на мажественост е особено евидентна кај високоризичните занимања и занимања во кои доминираат мажи (Prokos and Padavic, 2002; Button, 2007; Monaghan, 2003) како што е безбедносната индустрија каде што процентот на машки обезбедувачи се движи од над 60% (Leino, 2013; Wakefield, 2003) до над 80% (Declercq et al., 2007; Porter et al., 2015; Button, 2007) а понекогаш дури и до над 90% (De Puy et al., 2015; Button and Park, 2009; Paese et al., 2014). Машкоста е дефинирана како „социјално генериран консензус за тоа што значи да се биде маж, да се биде „мажествен“ или да се покаже такво однесување во секое време“ со хегемонистичка машкост како нејзина најдоминантна форма (Prokos and Padavic, 2002). Дејвид и Бранон (David and Brannon, 1976 според Prokos and Padavic, 2002) идентификувале четири компоненти на машкоста и тоа:

(1) избегнување на женственост,

(2) почит што произлегува од успешните достигнувања,

(3) избегнување на какви било знаци на слабост и

(4) однесување кое бара ризик и авантура, вклучително и прифаќање насилство.

Сепак постои опасност овие компоненти да бидат прекршени доколку обезбедувачите доживеат физички напад на работа поради следните причини. Прво, како што е прикажано погоре, жртвите на насилство често доживуваат широк спектар на емоции. Ова е во спротивност со догмата за избегнување на женственоста бидејќи во занимањата во кои доминираат мажи изразувањето на емоциите често се поистоветува со женско однесување (Prokos and Padavic, 2002). Второ, жртвата обезбедувач може да се плаши дека

ќе биде сфатена како неуспешна затоа што не успеал во својата задача „да ги чува обезбеди просториите, имотите и луѓето“, што, пак, може да ја загрози почитта на другите. Трето, обезбедувачите можно е да доживеале штета од која би можеле да се плашат дека ќе се протолкува како резултат на физичка или емоционална слабост. Четврто, обезбедувачите може да се плашат да не бидат обвинети дека избегнале одредени ризици или дека не се подготвени да прифатат насилство како дел од нивната работа. Оттука, во случаи на насилство на работно место, машките обезбедувачи може да бидат загрижени дека прекршувањето на една или повеќе од овие компоненти може да резултира со намалување или губење на машкоста. Ова, пак, носи опасност од тешки социјални и професионални последици како на пример во безбедносната индустрија, каде машкиот работен идентитет е суштински услов за да се стекне и да се одржи почитта од колегите (Hobbs et al., 2007; Monaghan, 2003).

За да не бидат сфатени како „немажествени“, се покажа дека мажите го поддржуваат стереотипот „момчињата не плачат“ и се преправаат дека се бестрашен заштитник кој има контрола на ситуацијата (Prokos and Padavic, 2002) и неволно пријавуваат какви било чувства кои би можеле да се поврзат со слабост по искуството на негативни животни настани (Dunn, 2011). Следствено, кога давале изјави за нивните искуства од насилство на работното место во минатите истражувања, машките обезбедувачи можно е да се обиделе да ја задржат својата мажественост со прикривање на какви било знаци што укажуваат на една од четирите гореспоменатите компоненти. Ова е поддржано од Батон (Button, 2007), Ригакос (Rigakos, 2002), Монаган (Monaghan, 2003) и Фаримонд и сор., (Farrimond et al., 2018) кои откриј дека некои машки обезбедувачи, вклучително и вратарите, ја изразуваат својата мажественост фалејќи се со своите искуства со насилство на работно место па дури и преувелучувајќи ги нивните извештаи за опасност и насилство. Фаримонд и сор. (2018: 110) идентификувале дека таквите „воени приказни“ имаат за цел да ја утврдат цврстината на персоналот и нивната соодветност за работа во особено непријателски средини. Интересно, Портер и сор. (Porter et al., 2015) објавиле дека нивниот примерок од обезбедувачи обично се обидувал да ги намали искуствата за виктимизација, но дека оние обезбедувачи кои работат во малопродажба се чини дека се помалку толерантни и исто така повеќе загрижени од нивните искуства со насилство на работното место.

Накратко, истражувањата сугерираат дека хегемонистичката машкост може да го ограничи пристапот на мажите до и изразувањето на ранливите чувства (Reilly et al., 2014; Levant, 2011; McLaughlin, 2013), така што наодите од истражувањата кои укажуваат на емоционална рамнодушност кај машките жртви на насилство мора да се третираат со претпазливост. Иако некои истражувања може да се идентификуваат, сè уште не се знае многу за последиците од насилните дејствија врз емоционалната благосостојба на обезбедувачите, поради што се потребни дополнителни истражувања (De Puy et al., 2015).

1.3.2. Релевантноста на организациската емоционална поддршка за жртвите на насилство на работно место

Социјалната поддршка е позната како важен фактор во закрепнувањето на жртвите по виктимизацијата на работно место (Green and Roberts, 2008) и се дефинира како „трансакциски комуникациски процес, вклучувајќи вербална и/или невербална комуникација, што има за цел да ги подобри чувствата на поединецот за справување, компетентност, припадност и/или почит“ (Mattson and Hall, 2011: 184). Согледаната социјална поддршка „се однесува на верувањето на поединецот дека социјалната поддршка е достапна, генерално се смета за позитивна или негативна и го обезбедува она што се смета за потребно за тој поединец“ (Mattson and Hall, 2011: 184). Оттука, терминот „социјална поддршка“ ги опишува акциите на поддржувачите, додека терминот „перцепирана социјална поддршка“ ја опишува перцепцијата на жртвите за овие акции. Литературата за насилство на работното место сугерира дека перцепцијата на вработените на поддржувачко работно место е од огромно значење по изложувањето на напад. Организациската социјална поддршка честопати ги спречува негативните емоционални ефекти од виктимизацијата на работно место (Van Emmerik et al., 2007; Towey, 2013; Schat & Kellowey, 2003), и придонесува да се намали појавата на исцрпеност (Anne, 2014) и ПТСР (Bryant-Davis, et al., 2015).

Голем број студии покажуваат дека полицајците доживуваат високи нивоа на вознемиреност кога се чувствуваат неподдржани од нивните претпоставени, вклучувајќи го и нивното раководство (Houdmont, 2013) или колеги-офицери (He et al., 2002). Спротивно, откриено е дека службениците кои се чувствуваат соодветно поддржани од нивната

организација покажуваат повисоки нивоа на задоволство од работата (Kula, 2011) и зголемени нивоа на мотивација за работа (Tremblay et al., 2009). Со оглед на тоа што благосостојбата на полицајците е од суштинско значење за правилна изведба во ситуации под висок стрес, истражувачите како Кула (Kula, 2011) и Перот и Келовеј (Perrott and Kelloway, 2006) ја нагласуваат важноста од соодветна социјална поддршка во полициските организации. Оттука, во општата работна сила и особено во високоризичните професии како што е полицијата, се покажа дека социјалната поддршка е важна за намалување на нивото на дистрес кај вработените.

Сепак, Декларк и сор., (Declercq et al., 2007) тврдат дека социјалната поддршка е повеќедимензионална конструкција и затоа мора да биде поделена на помали фрагменти. Според Малик и Малик (Malik & Malik, 2015) и Јо и МекКој (Yoo and McCoy, 2008), социјалната поддршка може да се класифицира на извори на поддршка и видови поддршка. Прво, треба да се одреди опсегот на изворот на поддршка. Во литературата се идентификувани три извори на поддршка: формална, неформална и социјална поддршка на работното место. Формалната социјална поддршка „се однесува на извори на поддршка надвор од семејството и заедницата“ (Yoo и McCoy, 2008: 1257) како што се советодавните служби, бирото за советување граѓани или полицијата . Неформалната социјална поддршка, од друга страна, „е материјални и/или нематеријални ресурси, реални или согледани, разменети од поединци без пропишани прописи што можат да ги понудат членовите на семејството, пријателите и социјалните мрежи од соседството “ (Schat & Kelloway, 2003: 170). На крајот, социјалната поддршка на работното место - или организациската - се дефинира како „степен до кој поединците перцепираат дека нивната благосостојба е ценета од изворите на работното место, како што се претпоставените и поширокаата организација во која се наоѓаат и перцепција дека овие извори обезбедуваат помош за поддршка на оваа благосостојба“ (Hurrel, 2006: 292).

Второ, треба да се одреди типот на поддршка. Стана вообичаена практика социјалната поддршка да се категоризира во пет типа (Mattson and Hall, 2011: 185-187):

- *Социјална поддршка за почитување* - Ова се однесува на „комуникацијата што ја зајакнува самодовербата на поединецот или верувањата во неговата способност да се справи со проблем или да ја изврши потребната задача“. Поединците се

охрабруваат „да ги преземат потребните активности“ и им се укажува доверба „дека имаат способност да се соочат со тешки проблеми“. На пример: Еден соработник му кажува на жртвата - обезбедувач дека тој едноставно имал лоша среќа, а во основа има потенцијал да ги совлада сторителите во идни инциденти.

- *Мрежна социјална поддршка* - Ова се однесува на „комуникацијата што потврдува дека поединците припаѓаат на мрежа или ги потсетува на поддршката достапна од мрежата“. Овој тип на поддршка има за цел да ги потсети „луѓето дека не се сами во каква било ситуација со која се соочуваат“. На пример: Соработник ја потсетува жртвата на насилство дека и многу вработени како обезбедувачи биле жртви на насилство на работното место и дека веројатно би биле спремни да разговараат со него доколку е потребно.
- *Информативна социјална поддршка* - Ова се однесува на „комуникацијата која обезбедува корисни или потребни информации“. На пример: еден соработник му дава на својот колега, жртва на насилство на работно место, адреса на добар курс за самоодбрана.
- *Опиплива социјална поддршка* - Ова се однесува на „секоја физичка помош обезбедена од други“ и често е невербална комуникација во стилот „делата зборуваат погласно од зборовите“. На пример: колега нуди да ја сошие униформата на жртвата - обезбедувач, која е искината за време на инцидентот.
- *Емоционална социјална поддршка* - Ова се однесува на „комуникацијата што ги задоволува емоционалните или афективните потреби на поединецот“ (Mattson and Hall, 2011: 185) обезбедувајќи му „емпатија, доверба и грижа“ (Jayaratne and Chess, 1984: 146). Намерата е да се обезбедат „изрази на грижа “ кои „не се обидуваат директно да го решат проблемот, туку служат за подигнување на расположението на поединецот“.) На пример: колега од работа ја прашува жртвата за неговата благосостојба и одговара на неговите емоционални потреби.

Овде е направено прилагодување на поимот за различните видови социјална поддршка. Меѓутоа, студиите споменати на почетокот се ограничени и не прават разлика помеѓу различните видови социјална поддршка и затоа не даваат никакви индикации за тоа каков тип на социјална поддршка би ги ублажила последиците кај жртвите на насилство на работно место. Некои едноставно претпоставуваат дека социјалната поддршка значи

„разговор со соработниците“ (Halbesleben & Buckley, 2004: 872) или „да се има пријателски расположени колеги спремни да помогнат“ (Van Emmerik et al., 2007: 156), додека други воопшто не даваат дефиниција. Овие нејаснотии во дефинирањето на социјалната поддршка доведоа до конфузија, тешкотии во мерењето на овој феномен и потенцијално двосмислени резултати. Како и да е, некои истражувачи (на пр. Schat and Kelloway, 2003) тврдат дека сите видови на социјална поддршка се некако меѓусебно поврзани, но овој пристап исто така не е добар поради следнава причина. Се тврди дека, на пример, „давањето информации што лицето може да ги користи во справувањето со личните и сединските проблеми“ (информативна социјална поддршка) едноставно не е исто што и слушање на грижите на луѓето или ставање рака на нивното рамо со цел да се утешат (емоционална социјална поддршка). Сепак емоционалната поддршка е идентификувана како најчесто потребна и најчесто понуден тип на поддршка во литературата за насилство на работното место (Dinisman and Moroz, 2017). Во овој труд, иако не е дел од истражувањето сепак ќе се зборува за организацискатa емоционлана поддршка бидејќи за справување со последниците од насилството на работно место кај обезбедувачите како особено важен извор на поддршка се смета „организацијата“, а од типовите на поддршка „емоционална социјална поддршка“. Организацискатa емоционална поддршка се однесува на комуникацијата на компаниите што ги задоволува емоционалните или афективните потреби на обезбедувачите преку обезбедување на „емпатија, грижа и доверба“ (Mattson and Hall, 2011).

Може да се идентификуваат некои студии кои се фокусираат исклучиво на ефектите на организацискатa емоционална поддршка врз емоционалната благосостојба на вработените. Често е откриено дека таа помага да се ублажат акутните, како и одложените симптоми на стрес кај вработените (Hurrell, 2006) што е во согласност со наодите за ефектите на овој вид поддршка врз емоционалната благосостојба на полициските службеници (Latscha, 2005) особено по насилни средби. Утврдено е дека организацискатa емоционална поддршка е од големо значење кога станува збор за развојот и одржувањето на работните односи, така што полицајците кои не добиле ваква поддршка од нивното полициско раководство или надзорници по трауматски инциденти пријавиле чувство на предавство и напуштање (Shane, 2010).

Сепак, постојат некои докази дека овие чувства може да се ублажат со разговор со колегите така што се чини дека некои службеници го претпочитаат разговорот на прво место (He et al., 2002). Ова беше потврдено и во студијата спроведена од Ван Емерик и сор. (Van Emmerik et al., 2007) со 2.782 холандски полицајци. Ван Емерик и колегите откриле дека полицајците кои добиле организациска емоционална поддршка од нивните колеги се поподготвени да инвестираат во нивните работни места. Врз основа на ова откритие, истражувачите сугерираа дека емоционалната поддршка од колегите може да ги зголеми нивоата на доверба меѓу нив и да послужи како мерка за компензација за оние кои се чувствуваат разочарани од раководството на нивната организација. Овие важни тампонирачки ефекти на организациската емоционална поддршка се во согласност со претходните истражувања на тоа поле и покажуваат дека многу полицајци претпочитаат емотивно да се отворат кон другите кои работат во нивната организација. Сепак, ова не е применливо за сите службеници. Некои не сакаат да зборуваат за траумите што ги доживеале бидејќи сакаат да избегнат емоционална конфронтација и сметаат дека организациската емоционална поддршка е несензитивна или неефективна (Latscha, 2005).

Како и да е, истражувањата за ефектите на организациската емоционална поддршка кај обезбедувачите е ретко (Leino et al., 2011). Декларк и сор., (Declercq et al., 2007) и Ванхеуле и сор., (Vanheule et al., 2008) ги истражиле ефектите од различни типови поддршка кај обезбедувачите по искуството на критичен инцидент кој најмногу се однесува на насилството на работно место. Интересно, се покажало дека емоционалната поддршка ги влошила негативните ефекти врз емоционалната благосостојба на обезбедувачите , бидејќи било откриено дека уверувањето, помагањето во разјаснувањето на проблемите и охрабрувањето на обезбедувачите останат позитивни е поврзано со развојот на ПТСР (Declercq et al., 2007) и согорување (Vanheule et al., 2008). Истражувачите претпоставиле дека жртвите многу напорно се обидувале да ги потиснат сите негативни емоции и сеќавања во врска со критичните инциденти и дека емоционалната поддршка создава ризик повторно да го свртат своето внимание кон инцидентот. Сепак, важно ограничување на нивните студии е тоа што истражувачите не се јасни во однос на изворот на емоционална поддршка. Односно, истражувачите ги вклучија организациите на обезбедувачите како даватели на емоционална поддршка, но и семејството и пријателите на обезбедувачите. Следствено, влијанието на организациската емоционална поддршка врз обезбедувачите по

виктимизацијата на работно место не е мерена дискретно, така што нејзините ефекти остануваат нејасни. Дополнително, една студија спроведена од Гил (Gill, 2004) откри дека обезбедувачите посакуваат подобра поддршка од нивните менаџери. Наодот на Гил е поддржан од Терпстра (Terpstra, 2016), кој покажа дека недостатокот на поддршка од менаџментот може да предизвика стрес кај вработените во безбедносните сектори. За жал, студијата на Гил не открива каков тип на поддршка барал неговиот примерок и во какви ситуации обезбедуачите ја сакале таа поддршка. На крај, Портер и сор. (Porter et al., 2015) откриле дека мнозинството (75%, n=550) од обезбедувачи во нивната студија (100%, n=733) кои доживеале насилство на работното место сакаат поголема поддршка од безбедносната индустрија. Иако студијата на Портер и сор. покажува дека поддршката е посакувана после насилните инциденти, таа не открива каков тип на поддршка сакале нивниот примерок од обезбедувачи.

Досега е објавена само една студија која експлицитно имала за цел да ги истражи ефектите на организациската емоционална поддршка врз емоционалната благосостојба на обезбедувачите. Поисат и сор. (Poisat et al., 2014) го истражуваат влијанието на поддршката врз подложноста на обезбедувачите на синдром на согорување по виктимизација на грабеж. Истражувачите дистрибуирале квантитативен прашалник на мал примерок од обезбедувачи (100%, n=65) и откриле дека мнозинството се чувствувало разочарано од нивните претпоставени (60%, n=39) и соработниците (58%, n=38)) кога требало да зборуваат за нивното искуство со виктимизација. Ова ги натера обезбедувачите да ја користат помошта од роднините и пријателите, чија поддршка придонела за намалување на подложноста на согорување. Меѓутоа, во оние случаи во кои обезбедувачите добиле емоционална поддршка од соработниците, исто така забележано е подобрување на емоционалната благосостојба и пониски нивоа на согорување. Наодот на Поасат и колегите е во согласност со други истражувања кои укажуваат дека дистресот поврзана со работата е поверојатно да се намали со организациска емоционална поддршка, наместо со извори на неформална емоционална поддршка (на пример, семејството или пријателите) (Moynihan and Pandey, 2008). Една од причините која била предложена е дека емоционалната поддршка во рамките на организацијата може подобро да им помогне на жртвите во развивањето и одржувањето на стратегии за справување фокусирани на проблеми отколку вонорганизациската емоционална поддршка. Сепак, малку е познато зошто обезбедувачите претпочитаат

организациска отколку неформална емоционална поддршка. Затоа, Поисат и сор. (Poisat et al., 2014), Де Пуј и сор. (De Puy et al., 2015) и Нала и Кобина (Nalla & Cobbina, 2016) ја нагласуваат важноста од понатамошни истражувања за ефектите на организациската емоционална поддршка врз безбедносниот персонал.

И покрај тоа, оргаизациската емоционална поддршка бара подготвеност на вработените да ја прифатат понудената поддршка или да ја бараат истата (Levant, 2011). Таквата подготвеност претпоставува обезбедувачите да се перципираат себеси како жртви, но овој статус може да биде поврзан со слабост или физичка инфериорност кон сторителите. Како што веќе беше дискутирано во делот за „Емоционални последици“, овие атрибути може да се спротивстават со очекувањата за машката улога на обезбедувачите во нивната конкретна професионална култура, што подразбира подготвеност да се вклучат во опасни ситуации или да прифатат насилство (Button, 2007). Непочитувањето на овие културни норми може да го загрози статусот на обезбедувачите во (а можеби и надвор) нивната професионална група. Така, социјалните ограничувања доведоа до ситуација да не сите обезбедувачи кои учествувале во гореспоменатите студии признаат дека имаат потреба од организациска емоционална поддршка (Reilly et al., 2014). И на крај, можно е некои од тие обезбедувачи да развиле отпорност кон насилство во текот на нивниот (професионален) живот или можеби не биле во можност правилно да ги изразат своите емоции како резултат на она што се нарекува „алекситимија“ (исто така наречено „емоционална неписменост ') што е „недостаток на значаен вокабулар за опишување на чувствата“ (Knight, 2014: 26) и може да влијае на тоа како поединците ги разбираат и ги изразуваат своите емоции. Овие феномени исто така треба да се земат предвид во некои следни истражувања.

Како заклучок, поголемиот дел од литературата сугерира дека организациската поддршка и особено организациската емоционална поддршка ја намалува емоционалната вознемиреност предизвикана од инцидентите на насилство на работно место, поради што таа е често од големо значење за жртвите (Dunn, 2011). Ова се однесува на вработените во општата работна сила но и на вработените во полициската служба. Сепак, истражувањата за ефектите на организациската емоционална поддршка врз виктимизираните обезбедувачи се минимални и нивните резултати се прилично неконзистентни. Сепак, знаејќи повеќе за воочените ефекти на овој вид на поддршка врз обезбедувачите би помогнало подобро да се

разберат кои фактори се важни за нив во ситуација која бара поддршка и, следствено, може да помогне да се подобри ефективноста на мрежите за поддршка на организацијата. Следниот дел ги разгледува претходните истражувања во врска со мотивациите на жртвите на насилство на работното место за користење на различни видови стратегии за самозаштита.

1.4. КОНТЕКСТУАЛНИ ФАКТОРИ

Досега, прегледот на литературата покажа дека вработените во заштитните професии се изложени на многу ризици и големи количини на стрес на нивните работни места. Од 1970-тите, па наваму, се зголемува интересот за истражување на стресот на полицијата кое произвело обемна литература (Sagar et al., 2014; Baron, 2013). Набргу откако полицискиот стрес доби академско внимание, стана очигледно дека стресорите во овој вид на занимање можат да имаат различни извори. Во 1970 година, психијатарот Мартин Сајмондс беше првиот кој ги наведе полициските стресори и ги распредели во две различни категории. Првата категорија се однесуваше на „стресот кој се должи на природата на полициската работа“ (оперативни стресори), а втората се занимаваше со „стресот кој е резултат на природата на полициската организација“ (организациски стресори) (Symonds, 1970: 155 според Houdmont, 2013). Оттогаш, категоризацијата на Сајмондс е широко прифатена и се применуваше како водич во многу последователни истражувања за полициски стрес од средината на седумдесеттите па наваму (Houdmont, 2013; Sagar et al., 2014).

Инспирирани од категоризацијата на Сајмондс, соодветните професионални стресори, идентификувани во литературата за полициска стрес, се прилагодени на насилните акти на работното место на обезбедувачите. Повеќето стресни фактори со кои се занимава полициската литература не се поврзани со насилство на работно место кај обезбедувачите. Сепак, идентификувани се шест соодветни професионални стресори за кои се верува дека може да се пренесат на искуството на обезбедувачите со насилство на работно место. Овие професионални стресори се претставени кратко, но не пред да стане предмет на дискусија поимот „стресор“. И покрај тоа што не постои консензус за јасна

дефиниција на стресот (Shane, 2010), овој термин често има негативни конотации во литературата за општествени науки, а особено во литературата за полициски стрес (Rajkumar and Sinha, 2015). Неговите ефекти понекогаш се опишуваат како „дисфункционални“ (Scaramella et al., 2011: 115-116), „аверзивни“ (Lord, 1996: n.p. како што е наведено во Shane, 2010: 808) или како „дисторзија“ (Stinchcomb, 2004: 261 како што е наведено во Shane, 2010: 808). Ова води до дефиниции кои вклучуваат зборови како „напнатост, тага или фрустрација (Schwartz, et al., 2012: 632) и резултати. во дискусиите за „штетата“ што овој феномен може да ја предизвика (Shane, 2010: 808). Сепак, стресните фактори кои го придружуваат насилniot чин може, но не мора нужно да имаат негативно влијание врз жртвите. Следниот дел од овој дел покажува дека таквите професионални стресори може различно да се согледаат и толкуваат од поединците кои се изложени на нив. Со други зборови, еден професионален стрес може да биде сфатен од една жртва како нешто што го влошува искуството на насилство на работно место, додека истиот стресор може да биде сфатен индиферентно или дури и како ублажувачки од друга жртва. Поради овие двосмислени случувања на искуството со насилството на работно место, терминот професионални „стресори“ не се чини соодветен, поради што е повторно означен како „контекстуални фактори“ (КФ) за да им се даде понеутрален карактер. Вкупно, шест соодветни КФ може да се идентификуваат во литературата за полициска стрес, со кои се очекува да се соочат и полицајците и обезбедувачите за време на насилните чинови:

(1) „соочување со непознатото или изложување на опасност“ (именувано овде како „Соочување со непознатото“),

(2) „справување со деца и справување со зависници од дрога“ (тука именувано „Тип на сторител“),

(3) „недостаток на поддршка од заедницата“ (наречено овде „Реакции на клиентите“),

(4) „судска постапка“ (наречена овде „Полициски одговор“),

(5) „Опрема“ и

(6) „Физичка сила“.

1.4.1. Соочување со непознатото

За почеток, првиот контакт помеѓу вработените во заштитните служби и членовите на јавноста е обликуван од високите нивоа на непредвидливост (Porter et al., 2015). Незнаењето дали да се очекува напад или не, се покажа дека е многу стресно за полицајците (Perrott and Kelloway, 2006) и се смета за водечки КФ меѓу службениците во врска со физичкиот и емоционалниот стрес (He et al., 2002). „Соочувањето со непознатото“ често беило пријавено од полициските службеници како извор на исцрпеност (He et al., 2002) што може да го зголеми ризикот од развој на ПТСР при соочување со ситуации опасни по живот (Latscha, 2005).

Сепак, се чини дека присуството на опасност и насилство нужно не претставува оптоварување за сите полицајци (Perrott & Kelloway, 2006). Латша (Latscha, 2005) откри дека полицајците многу помалку страдаат од непознатото кога можат ментално да се подготват за ситуацијата бидејќи процесот на подготовка им дава чувство на контрола. Некои полицајци дури уживаат во оваа состојба на непредвидливост бидејќи примероците често ја опишуваат изложеноста на опасност како значајна, стимулирачка и возбудлива. Овој вид на возбуда е она што некои академици го нарекуваат „трагање по возбуда“ (Felson, 2006: 21) и она што во социолошката литература е концептуализирано како „работа на работ на работното место“ (Milovanovic, 2005: 57) кога се бара возбуда во професиите со висок ризик. Овој термин потекнува од концептот за работа на Линг (Lyng, 1990: 857) кој го истражува доброволното ангажирање на луѓето во опасност во нивното слободно време (на пример, качување по карпи или скокање со падобран) и најдобро се опишува како „доброволни активности кои вклучуваат ниво на личен ризик со цел да се добијат сензуални или емоционални награди од самото искуство“ (Howard, 2001: 2).

Освен во полицијата, феноменот на работа на работ беше идентификуван и во други занимања како што се војската, пожарникарите, возачите на брза помош, приправниците и неколку други т.н. професии со бела јака како инвестициски банкари, но не можеше да се најде студија која го истражува овој феномен кај обезбедувачите (Milovanovic, 2005). Сепак, Ван Стеден и сор. (Van Steden et al., 2015) дистрибуирале онлајн анкета до 329 обезбедувачи и откриле дека само 26% (n=85) сметаат дека елементите како напнатост, закана и опасност во нивната работа се важни. Ова е во согласност со студијата спроведена од Ригакос

(Rigakos, 2002) чиј примерок од обезбедувачи изрази фрустрација и анксиозност како резултат на изложеноста на непредвидливи сценарија. Од друга страна, Нала и Кобина (Nalla and Cobbina, 2016) интервјуирале 19 обезбедувачи и откриле дека некои уживаат во возбудата што ја доживеале во својата работа. Но ниту една од студиите не истражувала до кој степен возбудата е поврзана со искуствата од насилство при работа. Монаган (Monaghan, 2003), сепак, спровел етнографска студија за обезбедувачите и открил дека поголемиот дел од неговиот примерок ги доживуваат насилните средби со клиентите како возбудливи. Сепак, останува под знак прашалник до кој степен може да се најде "работа на работ" кај обезбедувачите и ако е така, дали тоа служи како средство за ублажување на негативните влијанија на насилните акти.

1.4.2. Тип на сторител

Постојат некои докази дека одредени видови жртви на криминал може да имаат поголемо емоционално влијание врз полицајците од другите. На пример, откриено е дека некои полицајци се емоционално погодени кога морале да се справат со деца кои покажуваат знаци на насилство или со жртви од катастрофи и несреќи (Collins and Gibbs, 2003). Сепак, многу помалку се знае за тоа дали има разлика во емоционалната благосостојба на жртвите на насилство на работно место во зависност од тоа од каков тип на сторител се нападнати. Во тој контекст, Станко и Хобдел (Stanko and Hobdell, 1993 според Clair, 2006) откриле дека групите мажи, обично млади мажи, се перцепирани како особено опасни од машките жртви на насилство. Виоланти и Арон (Violanti and Aron, 1994 според Clair, 2006) пак откриле дека полицајците ја доживуваат својата работа како многу вознемирувачка кога треба да се справат со агресивни деца или кога се соочуваат со зависници од дрога (Collins and Gibbs, 2003).

Во однос на обезбедувачите конкретно, може да се идентификуваат само две студии. Со користење на дизајн на етнографска студија во безбедносната индустрија, Лофстранд и сор., (Löfstrand et al., 2016: 305) откриле дека младите, пијани мажи, „проститутките", „купувачите на секс" и „зависниците" биле сметани за особено опасни од страна на обезбедувачите, бидејќи некои од овие лица се претпоставувале дека се заболени од болести и дека насилните средби претставуваат опасност од контаминација. Најмногу од сè,

примерокот ги сметал престапниците како особено валкани и проблематични, што исто така е идентификувано и од Батон (Button, 2007). Наведените причини за ова биле перцепцијата дека жените се поупорни во тепачката (Löfstrand et al., 2016) и дека тие имаат поголема веројатност да користат телесни течности (плунка и вагинален секрет) како форма на напад (Button, 2007). Дополнително, двајца учесници од примерокот обезбедувачи на Батон посочиле дека одредени типови на сторители предизвикуваат одредени емоции. Додека еден од интервјуираните се чувствувал исплашен од мускулестиот изглед на неговиот напаѓач, друг доживеал одвратност кога се борел со корисник на дрога. Сепак, ниту Лофстранд и сор., ниту Батон не ги истражувале искусените емоции на обезбедувачиsте во врска со одредени видови на сторителите така што оваа појава останува во голема мера неистражена. Да заклучиме, многу малку се знае за тоа дали различни типови на сторители имаат потенцијал да го влошат или ублажат емоционалното искуство со насилството на работното место кај обезбедувачите и зошто.

1.4.3. Реакции на клиентите

Често е забележано дека случајните минувачи не сакаат да ги поддржат жртвите на криминал, па дури и дека случајните минувачи можат да покажат непријателство кон жртвата ако чувствуваат дека жртвата заслужила или го предизвикала нападот (LeBlanc & Barling, 2005). Литературата за полициски стрес покажува дека вербалните јавни критики и личните навреди од граѓаните при апсењето биле пријавени како стресни од страна на некои полицајци (Scaramella et al., 2011).

Згора на тоа, за некои полицајци недостатокот на поддршка од граѓаните дури бил сфатен како повознемирувачки од самиот насилен чин. Накратко, откриено е дека недостатокот на подготвеност на граѓаните да интервенираат е емоционално вознемирувачки за некои полицајци. Сепак, ништо не е познато за воочените ефекти од однесувањето на случаен минувач врз емоционалната благосостојба на obezbeduva;ite, но потребно е истражување на тоа поле (Nalla et al., 2016).

1.4.4. Полициски одговор

Жртвите имаат големи очекувања од полицијата и очекуваат таа брзо да реагира на итни повици. Ова е поддржано од Мулвихил и сор., (Mulvihill et al., 2018) кои спровеле квалитативна студија со жртви на насилство (n=36) и откриле дека брзото пристигнување на полицијата за време на насилни ситуации било олеснување за жртвите бидејќи обезбедувало сигурност од дополнително физичко оштетување. Што се однесува до безбедносната индустрија, Портер и сор. (Porter et al., 2015) откриле дека бавниот полициски одговор се сметал за проблематичен од нивниот примерок на обезбедувачи, бидејќи тоа значело дека тие морале да продолжат да се борат со или да се бранат од сторителот, да се соочат со ризик од дополнителни напади и морале да ги пренасочат ресурсите од други места. Покрај тоа, Портер и сор. Изјавиле дека за некои обезбедувачи кои работат сами бавниот полициски одговор се чини особено проблематичен бидејќи тие повеќе зависат од брзата полициска поддршка. Вејкфилд (Wakefield, 2012) откри дека брзата полициска поддршка во (неодредени) итни ситуации резултирала со тоа што дел од нејзиниот примерок обезбедувачи има позитивен однос со полицијата. Повеќето од обезбедувачите во студијата на Батон (Button, 2007) биле задоволни од времето на одговор на полицијата, но сепак една десетина (10%, n=3) од неговиот целокупен примерок (100%, n=29) смета дека полицијата бавно реагирала и обично не кога е потребно. Сепак, останува нејасно какви емоции создава бавното или брзото полициско пристигнување кај обезбедувачите за време на ситуации кои вклучуваат насилство на работно место.

1.4.5. Опрема

Во повеќето занимања на вработените им е потребна одредена работна опрема за да ги исполнат своите работни задачи. Првите истражувачи кои го идентификуваа недостатокот или недоволната опрема како проблем за полициските службеници беа Крос, Марголис и Хурел (Kroes, Margolis and Hurrell, 1974 според LeBlanc & Kelloway, 2002), иако не им било јасно од што се состои поимот „опрема“. Хаудмонт (Houdmont, 2013) открил дека поголемиот дел (80%, n=1.733) од неговиот примерок од полициските работници (100%, n=2.166) пријавиле високи нивоа на стрес и фрустрација кога опремата како што се заштитните костуми и комплетите за докази не биле достапни кога е потребно. Овој исход

е во согласност со наодите на Кула (Kula, 2011) кој открил дека организациското одбивање да ја обезбеди потребната опрема може да предизвика оптоварување кај полициските службеници што пак може да доведе до намалено задоволство од работата и зголемено ниво на исцрпеност. Понатаму, примерокот на полициски службеници (100%, n=103) во студијата на Виоланти и Арон (Violanti and Aron, 1995 според Page and Jacobs, 2011) го рангирал стресниот фактор „несоодветна опрема“ како број 18 меѓу 60 стресни фактори поврзани со работата на полицијата. Ова ги отсликува наодите од повеќе студии во кои полицајците ја пријавиле старата опрема и застарената технологија (радио комуникации) како главен проблем (Christensen and Crank, 2001; Oliver and Meier, 2009; Scott, 2004; Weisheit, Wells and Falcone, 1995 - според Page and Jacobs, 2011) при што се сугерира дека соодветната опрема може да го подобри чувството на авторитет кај работниците во заштитната служба и да служи како уверување (Scaramella et al., 2011).

Во врска со насилството на работно место, Патерсон (Patterson, 1992 според Carter – Brown, 2005) открил дека проблемот со опремата дури бил сфатен како повознемирувачки од работниците во заштитната служба отколку опасноста од физички напад на работа. Во однос на професијата обезбедувачи, опремата како што се двонасочни радија, ламби, аларми или елеци против прободување, често се смета за суштинска за работата на обезбедувачите (SIA, 2018a). Овој став го делат „неколку“ обезбедувачи во студиите на Нала и Кобина (Nalla & Cobbina, 2016: 9) и Лофстранд и сор., (Löfstrand et al., 2016). Овие студии покажале дека отсуството на заштитна опрема како што се панцирните елеци може да предизвика загриженост кај обезбедувачите кога треба да се соочат со насилни ситуации. Карачан (Karacan, 2011) спровел квантитативна студија со обезбедувачи (100%, n=106) и открил дека повеќе од една третина (40%, n=42) ги сметаат нивните алатки и опрема како несоодветни, а други 28% (n=30) не биле сигурни во нивната ефикасност. Повеќе од една третина (38%, n=41) од примерокот на Карачан исто така изјавиле дека се чувствуваат небезбедни за време на нивните смени. Сепак, Карачан не истражувал дали чувството на несигурност во неговиот примерок од обезбедувачи на кој било начин е поврзано со нивната несоодветна работна опрема. Дополнително, обезбедувачите во студијата на Портер и сор., (Porter et al., 2015) го вреднувале присуството на CCTV камери бидејќи може да и помогне на полицијата да ги следи инцидентите, да служи како пречка за агресивни клиенти и како доказ. Понатаму, Џонстон (Johnstone, 2011) напоменува дека преносот на видео надзор во

живо му овозможува на тимот за следење брзо да ги информира резервните обезбедувачи или полицијата и да снима инциденти за докази. Ова може да биде причината зошто понекогаш е откриено дека присуството на CCTV има смирувачки ефекти. И примероците од персоналот на вратата во студиите на Листер, и сор., (Lister et al., 2000) и Лиемпт и Алст (Liempt and Aalst, 2015: 1259) се чувствувале спокојни од присуството на CCTV камери бидејќи тие служеле како „објективен сведок“ по насилните средби со клиентите. Накратко, откриено е дека отсуството или недоволната опрема е проблематично за полициските службеници, иако останува непознато зошто опремата е од толкава важност за нив. Понатаму, малку се знае за обезбедувачите и нивната емоцинална благосостојба за време на насилсни ситуации во однос на опремата.

1.4.6. Физичка сила

Вработените во заштитните служби се охрабруваат, доколку е можно, да чекаат да пристигне засилување пред да им пристапат на потенцијално насилните лица (Scaramella et al., 2011). Како што е идентификувано кај чуварите, причината зад оваа стратегија е да се минимизира ризикот од повреда за работниците со истовремено максимизирање на нивното ниво на контрола на ситуацијата (Monaghan, 2003). Оттука, неможноста да се привлече резервен персонал може да го зголеми ризикот од физичка повреда за вработените во заштитната служба бидејќи тие потенцијално треба сами да се справат со нумерички или физички супериорни противници. Се претпоставува дека ова е една од причините зошто честопати се открива дека редуцираниот и недоволен персонал има негативно влијание врз полициските службеници и може да создаде чувство на стрес, ранливост, како и страв да се биде сам во ситуации кои се перципираат како опасни (Houdmont, 2013; Kelley and Mullen, 2006; Upson, 2004). Во однос на безбедносната индустрија, Ригакос (Rigakos, 2002) и Монаган (Monaghan, 2003) идентификувале култура на „сигурност во бројки“ која се однесува на верувањето на обезбедувачите дека зголемувањето на брзата поддршка на колеги во опасни ситуации и меѓусебната помош ќе ја одржат или зголемат нивната безбедност. Лофстранд и сор. (Löfstrand et al., 2016) и Портер и сор. (Porter et al., 2015) откриле дека одлуката на безбедносните управи да им дозволат на обезбедувачите да работат сами прави тиа да се чувствуваат небезбедни и ранливи кога треба да се соочат со

насилни ситуации. Ова се совпаѓа со наодите на Батон (Button, 2007) чиј примерок од обезбедувачи, исто така, силно ја вреднува можноста да се користи засилување во опасни ситуации. Спротивно, Де Пуј и сор. (De Puy et al., 2015) не нашле статистички доказ дека нападот кога обезбедувачите работеле сами ги влошувал психолошките последици на примерокот. Севкупно, гореспоменатите студии покажуваат дека бројот на колеги присутни на местото на настанот за време на насилни ситуации може да ја обликува емоционалната благосостојба на работниците во заштитната служба. Како заклучок, некои истражувачи наведуваат дека идентификувале директна врска помеѓу насилните дејствија поврзани со работата и зголемениот обрт на вработените (LeBlanc and Kelloway, 2002; Howard, 2001) што сугерира дека емоционалниот стрес на жртвите по виктимизацијата на работно место се припишува само на насилниот чин. Сепак, овој дел илустрира дека не само насилниот чин, туку и голем број на контекстуално фактори може да ја обликуваат емоционалната благосостојба на жртвите на насилство на работното место. Во однос на оваа студија, би било важно да се знае повеќе за опсегот на фактори кои имаат влијание врз емоционалната благосостојба на обезбедувачите за време на напад со цел подобро да се разбере каде треба да биде фокусот на мрежите за обука и поддршка. По инцидентите со насилство на работно место, вообичаено се очекува организациите да преземат одговорност да се грижат за благосостојбата на нивните жртви, бидејќи инцидентот се случил во нивните простории. Литературата за ефектите на организациите пружаат или не пружаат поддршка врз емоционалната благосостојба на жртвите на насилство на работното место е разгледана во следниот дел.

1.6. МОТИВАЦИИ И НАПОРИ НА ЖРТВИТЕ НА НАСИЛСТВО НА РАБОТНО МЕСТО ЗА ИЗНЕГНУВАЊЕ ПОВТОРНА ВИКТИМИЗАЦИЈА

Од 1960-тите, истражувањата на феноменот на страв од криминал се добро познати во криминологијата. Дефинирано како „рационална или ирационална состојба на тревога или вознемиреност предизвикана од верувањето дека некој е во опасност од криминална виктимизација“ (McLaughlin, 2013: 175), откриено е дека стравот од криминал е поврзан со перцепциите на луѓето за нарушувањето (Grayson, 2010; Goodey, 2005; Nater, 2010). Конкретно, сопственото искуство на криминал може да биде моќен предиктор за стравот од

криминал кај луѓето така што искуството на виктимизација може да има негативно влијание врз стравот од криминал (Wojcik, 2014).

Откриено е дека стравот од криминал честопати предизвикува однесување за самозаштита во форма на избегнување со надеж дека ќе се намали веројатноста за повторна виктимизација (Rader, 2017). Избегнувачкото однесување може да има различни форми. Некои жртви избегнуваат одредени видови активности, додека други ја избегнуваат областа каде што се случило злосторството или местата и областите кои изгледаат слични (Dinisman and Moroz, 2017; Doerner and Lab, 2012; European Agency forSafety and Health at Work, 2010; Stutzenberger and Fisher, 2014). Некои жртви дури се повлекуваат од заедницата, а многу луѓе ги напуштаат своите работни места после доживеаниот напад на нивното работно место (Di Martino, 2002; Barling et al., 2009; Stutzenberger and Fisher, 2014).

Во однос на безбедносната индустрија, познато е дека оваа професионална група страда од значително висока промена на персоналот со бројки меѓу 100% и 400% (Nalla and Cobbina, 2016; Wakefield, 2003; Löfstrand et al., 2016), што значи дека работната сила на безбедносната компанија целосно се менува помеѓу еден и четири пати во текот на една година. Батон (Button, 2007) идентификувал ниски нивоа на посветеност во неговиот примерок обезбедувачи, изразени со недостаток на лојалност, намалена работна мотивација и зголемен обрт на вработените. Тој, исто така, открил дека слабата посветеност на неговиот примерок потекнува од причини како што се долго работно време, недостаток на паузи или ниска плата. Сепак, истражувањето на Портер и сор., (Porter et al., 2015) откри дека насилството на работното место исто така може да биде поттикнувачки фактор за обезбедувачите да ги напуштат своите работни места. Квалитативните податоци во нивното истражување покажуваат дека неколку обезбедувачи размислувале да ја напуштат безбедносната индустрија, а некои пак активно барале помалку опасни безбедносни работни места, додека повеќето од интервјуирани оставиле впечаток дека сè уште се мотивирани да ја вршат својата работа. Интересно, податоците од интервјуто во студијата на Портер и сор. силно се разликувале од квантитативните податоци. Нивното истражување покажа дека само 16% (n=117) од сите испитаници (100%, n=733) сметаат дека искусувањето на насилство на работното место не прави разлика, но 34% (n=249) веруваат дека насилството на работа ги тера обезбедувачите да размислуваат за промена во помалку

опасна безбедносна работа и 65% (n=476) сметаат дека насилството на работно место ги тера обезбедувачите да сакаат да ја напуштат безбедносната индустрија. Покрај тоа, Лофстранд и сор. (Löfstrand et al., 2016) откриле дека некои од нивниот примерок на обезбедувачи покажале некаква форма на избегнувачко однесување бидејќи се воздржувале од интервенирање во насилни ситуации од страв да не се заразат со некоја заразна болест. Сепак, и покрај напорите на Лофстранд и сор.и Портер и сор., не се знае многу за тоа дали и до кој степен стравот што се припишува на доживувањето насилство на работното место може да предизвика различни форми на избегнувачко однесување кај обезбедувачите поради што се потребни дополнителни истражувања во таа област.

Како и да е, некои жртви развиваат „менталитет на самозаштита“ што покажува дека стравот може да ги натера жртвите да применуваат поактивни форми на однесување за самозаштита (Dinisman and Moroz, 2017). Во тој поглед, често се забележува набавка на лична заштитна опрема од страна на жртвите, како што е оружје (Kleck et al., 2011). Од друга страна, постои и значителна количина литература која не може да најде никаква врска помеѓу поранешната виктимизација и набавката на оружје (Gershon et al., 2002).

Кога станува збор за употребата на оружје во рамките на безбедносната професија, Џенкинс и сор. (Jenkins et al., 2012) откриле дека голем дел од нивниот примерок на работници во заштитната служба (100%, n=1.158) носеле оружје на работа заради самозаштита. Податоците откриле и дека 72% (n=834) носеле огнено оружје, 41% (n=475) боздоган, 26% (n=302) ножеви и 65% (n=753) оружје за удирање. Освен тоа, Џенкинс и колегите покажале дека 4% (n=2.206) од нивниот вкупен примерок (100%, n=55.158 американски работници) доживеале насилство на работното место. Понатаму, тие ја пропуштиле можноста да ги истражат причините зошто некои испитаници од нивниот примерок почувствувале потреба да преземаат активни форми на самозаштита, додека други не. Дополнително, иако употребата на оружје не е дозволена за безбедносниот персонал во одредени земји (Button and Park, 2009), Портер и сор. (Porter et al., 2015) откриле дека многу од нивниот примерок обезбедувачи изразиле желба да бидат опремени со биберспреј и палки, а Монаган (Monaghan, 2003) открил дека некои од обезбедувачите веќе се опремени со скриено оружје, како што се палки. Покрај тоа, повеќе од половина од примерокот на Батон (Button, 2007) на РСГ биле за опремени со несмртоносно оружје како

што се палки, гас или бибер спрејови со цел подобро да се одбранат. Спротивно на тоа, голем број обезбедувачи биле загрижени дека таквото оружје може да биде употребено против нив или да доведе до ескалација на насилството, а еден од учесниците верувал дека безбедносниот персонал треба да биде способен невооружен да се справи со сторителите на насилство.

Иако официјално не се класифицирани како оружје, одредени легални алатки може да се злоупотребат како оружје и на тој начин да бидат слично опасни доколку се користат против некое лице. Батон (Button, 2007) открил дека некои од неговите испитаници носеле ламби во неофицијално својство со цел да ги користат како одбранбено оружје. Потенцијална злоупотреба на легалните алатки како оружје била забележана и од Монаган (Monaghan, 2003), чиј примерок размислувал да ги користи своите радија за да ги погоди сторителите во насилни ситуации. Освен тоа, еден од учесниците на Батон (Button, 2007: 108) посочил дека некои чувари носат други алатки освен ламби за самозаштита, спомнувајќи дека наишол на чувари кои дошле „да работат со сè што не било пушка“. За жал, студијата на Батон не открива какви други алатки носеле обезбедувачите и дали или до кој степен опремувањето со одбранбени алатки се припишува на лично искусено насилство.

Сепак, набавката на оружје или легални алатки не се единствените активни безбедносни одговори што може да се преземат. Џенкинс и сор. (Jenkins et al., 2012) откриле дека повеќе од една четвртина (27%, n=313) од нивниот примерок на вработени (100%, n=1.158) носеле лични алармни уреди на работа, а некои од примерокот обезбедувачи на Нала и Кобина (Nalla and Cobbina, 2016) изразиле желба за опрема како што се панцирните елеци, додека примерокот од персоналот на Монаган (Monaghan, 2003) веќе користел заштитна облека за време на нивните смени. Заштитна опрема во форма на прободувачки елеци исто така била побарана од неколку обезбедувачи во студијата на Портер и сор., (Porter et al., 2015), но повеќе сакале радија, камери за тело/глава, спрејови со црвена боја и лисици. Ова е во согласност со другите истражувања кои веќе го набљудувале носењето лисици од страна на некои лица за (Button, 2007). Некои обезбедувачи од примерокот на Лофстранд и сор., (Löfstrand et al., 2016) носеле ракавици на работа со цел да бидат подобро заштитени од заразни болести. Понатаму, забележано е дека некои луѓе почнуваат да

учествуваат на курсеви за самоодбрана како одговор на виктимизација на работно место (Monaghan, 2003). Голем број од примерокот обезбедувачи на Нала и Кобина (Nalla & Cobbina, 2016) изразиле желба да добијат обука за самоодбрана за да бидат подобро подготвени за насилни инциденти.

Литературата за вработените во заштитните служби покажува дека стекнувањето борбени вештини преку боречки вештини им помогнало да стекнат доверба и самоувереност (Monaghan, 2003). Настрана од борбените вештини, Томкинс (Tomkins, 2003) открил дека обезбедувачите ја нагласуваат важноста на физички големите тела со цел да ги одврати агресивните клиенти. Ова е во согласност со истражувањето на Монаган (Monaghan, 2000) чиј примерок ја нагласил важноста на темелно обучени, мускулести тела бидејќи потенцијалните противници се сомневаат во борбените вештини. Монаган заклучил дека добро обучените тела на персоналот му помагале да ја задржи контролата на местата каде што работел, поради што вработените често ја сметале големината на телото и физичката сила за важни заштитни фактори против насилство на работното место. На крајот, две третини од примерокот обезбедувачи на Портер и сор., (Porter et al., 2015) (66%, n=465) изразиле потребата за поголемо засилување на нивните работни места со цел да бидат подобро заштитени од насилство во работната средина.

Сепак, повторно, професионалната култура на обезбедувачите и концептот на издржливост мора да се земат предвид при оценувањето на резултатите од горенаведените студии, бидејќи тие би можеле да имаат влијание врз безбедносните одговори. Исто така, концептот на хегемонистичка машкост можеби играл улога кога од обезбедувачите било побарано да ги откријат своите самозаштитни мерки. Следејќи го стереотипот за мажественост, мажите се обесхрабруваат да бидат ранливи или исплашени, бидејќи таквите емоции им се припишуваат само на жените (Goodey, 2005). Како резултат на тоа, некои обезбедувачи можеби не сакале да признаат во какви било мерки за самозаштита по виктимизацијата и како „вистински мажи“ не се загрижени за идните напади и не им треба ништо освен нивните тупаници за да се одбранат. Понатаму, поради карактеристиките на личноста или ефектите на навикнување, некои обезбедувачи можеби и не доживеале многу страв по насилни средби кој би можел да ја попречи нивната желба за безбедносни одговори од секаков вид.

Овој дел ги илустрираше ефектите од стравот од повторена виктимизација самозаштитничкото однесување на луѓето. Се покажа дека стравот може да биде моќен мотиватор во вежбањето на однесувањето на избегнување или повлекување, но и за поактивни форми на самозаштита. Различни видови на мерки за самозаштита се забележани и кај персоналот за обезбедување, но малку е познато за злоупотребата на легални алатки како оружје или за примена на други видови ЛЗО. Понатаму, нема доволно податоци за употребата на оружјето од страна на обезбедувачите за самозаштита или за нивната примена на безбедносни одговори, освен уредите за физичка заштита, поради што се бара истражување за опсегот на одговори на обезбедувачите на насилството на работното место (Porter et al., 2015). Дополнително, нема доволно сознанија во однос на тоа до кој степен самозаштитното однесување на обезбедувачите му се припишува на стравот од повторна виктимизација и за нивната мотивација да изберат некои мерки за самозаштита пред другите (Schreck et al., 2018). Да се знае повеќе за употребата на мерките за самозаштита од страна на обезбедувачите се чини важно бидејќи може да помогне подобро да се разберат нивните мотиви за такви мерки и, следствено, може да помогне во подобрувањето на нивната обука.

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2.1. Проблем и цели на истражување

Основен проблем со кој се занимава истражувањето е: Кои се последиците од насилството поврзано со работата врз здравјето, посветеноста на организацијата и намерите за напуштање на работата кај обезбедувачите?

Од проблемот на истражување произлегуваат следните секундарни истражувачки прашања и тоа:

П1: Дали доживеаното насилство на работното место влијае врз перцепцијата на обезбедувачите од идни насилни настани поврзани со работата кај обезбедувачите?

П2: Дали доживеаното насилство на работното место има влијание врз стравот од идни насилни настани поврзани со работата кај обезбедувачите?

П3: Дали доживеаното насилство поврзано со работата има влијание врз психофизичкото здравје кај обезбедувачите?

П4: Дали доживеаното насилство на работа има влијание врз посветеноста на организацијата кај обезбедувачите и намерата за напуштање на работата?

Главната цел на истражувањето е да се дојде до сознанија за застапеноста и честотата на клиент иницираното насилство врз лицата вработени како обезбедувачи во индустријата за обезбедување и за влијанието на доживеаното насилство на работа врз перпцецијата на веројатноста од идни насилни настани и врз стравот од идни насилни настани кај обезбедувачите. Исто така главна цел на истражувањето е и да се дојде до сознанија за евентуалното влијание на насилството поврзано со работата врз психичкото и физичкото здравје кај обезбедувачите, но и врз нивната посветеноста на организацијата и намерата за напуштање на работата. Истражувањето ќе придонесе за збогатување на теоретските и емпириските сознанија во областа на безбедноста и здравјето при работа генерално и конкретно во индустријата за обезбедување, кои се однесуваат на последиците од насилството поврзано со работата, а имајќи ги предвид нив ќе укаже и на потребата од познавање на предикторите на ваквото насилство и преземањето на соодветни мерки како истото би се превенирало или пак како би се минимизирале последиците од него. Сето тоа

во функција на одржување на психофизичката благосостојба на обезбедувачите, нивната посветеност на организацијата и ретенција во индустријата за обезбедување.

2.2. Истражувачки хипотези

Генерална хипотеза: Постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство поврзано со работата во однос на перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата и постои поврзаност помеѓу доживеаното насилство на работно место и перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје кај обезбедувачите, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата.

Хипотеза 1: Постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата.

Хипотеза 1.1. Постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани.

Хипотеза 1.2. Постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на стравот од идни насилни настани.

Хипотеза 1.3. Постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на квалитетот на емоционалната состојба.

Хипотеза 1.4. Постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос проблемите со физичкото здравје.

Хипотеза 1.5. Постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на афективната посветеност на организацијата.

Хипотеза 1.6. Постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на намерата за напуштање на работата.

Хипотеза 2. Постои поврзаност помеѓу доживеаното насилство на работно место и перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје кај обезбедувачите, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата.

Хипотеза 2.1. Честотата на насилство на работното место е поврзана со перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани кај обезбедувачите.

Хипотеза 2.2. Честотата на насилство на работното место е поврзана со стравот од идни насилни настани кај обезбедувачите.

Хипотеза 2.3. Честотата на насилство на работното место е поврзана со квалитетот на емоционалната состојба на обезбедувачите.

Хипотеза 2.4. Честотата на насилство на работното место е поврзана со проблемите со физичкото здравје на обезбедувачите.

Хипотеза 2.5. Честотата на насилство на работното место е поврзана со степенот на афективна посветеност на обезбедувачите на организацијата.

Хипотеза 2.6. Честотата на насилство на работното место е поврзана со намерата на обезбедувачите за напуштање на работата.

2.3. Истражувачки варијабли

1. Насилство поврзано со работата

Под насилство поврзано со работата во истражувањето се подразбира надворешното насилство (вербално и физичко) од лица кои се надвор од организацијата во која работи

испитаникот, како и перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани и стравот од истите.

2. Последици од насилство поврзано со работата

Последиците од насилството поврзано со работата во ова истражување се однесуваат на последиците по квалитетот на психофизичкото здравје, афективната посветеност на работата и намерата за напуштање на работата.

2.4. Релевантни варијабли

1. Пол

Во истражувањето се вклучени испитаници само од машки пол поради природата на професијата.

2. Возраст

Во истражувањето се вклучени испитаници на возраст до 50 години.

3. Индустрија

Истражувањето е спроведено во индустријата за обезбедување.

4. Работно место

Испитаниците кои влегоа во примерокот на истражување се обезбедувачи.

5. Работен стаж

Во истражувањето се вклучени обезбедувачи со најмалку една година работен стаж во сегашната професија.

2.5. Популација и примерок на истражување

Популацијата ја сочинуваат сите лица вработени како обезбедувачи во индустријата за обезбедување во нашата земја, од која е формиран примерок од 40 испитаници на возраст до 50 години и работен стаж во сегашната професија кој не е помал од една година.

2.6. Мерни инструменти

Во истражувањето се применети Прашалник за општи податоци заради контрола на релевантните варијабли и Прашалници за: насилни настани на работно место (Warshaw, 2011), веројатност на идни насилни настани (Warshaw, 2011), страв од идни насилни настани (Warshaw, 2011), емоционална состојба (Leino, 2013), физичка здравствена состојба (Mueller & Tschan, 2011), афективна посветеност на организацијата (Mueller & Tschan, 2011) и намера за напуштање на работата (Mueller & Tschan, 2011).

Прашалникот за насилни настани на работно место се состои од 18 ајтеми кои опишуваат насилни или агресивни настани кои потекнуваат од клиенти, а во врска со кои испитаникот наведува колку често ги доживеал овие насилни настани на работа во текот на изминатата година на петтостепена скала од кадешто: 0= никогаш, 1 = еднаш, 2 = 2 пати, 3 = 3 пати, 4 = 4 пати. Вкупниот скор се добива како збир од бодовите на поединечните ајтеми и се движи во опсегот од 0-72. Повисокиот скор индицира поголема честота на доживеани насилни настани на работното место.

Прашалникот за веројатност на идни насилни настани е составен од 13 ајтеми кои се однесуваат на проценката на веројатноста за доживување на насилни инциденти на работно место од страна на испитаниците, кои во врска со секој ајтем го изразуваат степенот на своето согласување на петтостепена скала, кадешто: *1 = воопшто не се согласувам, 2 = не е согласувам, 3 = неутрален сум, 4 = се согласувам, 5 = целосно се согласувам*. Вкупниот скор се добива како збир од бодовите на поединечните ајтеми и се движи во опсегот од 13-65. Повисокиот скор укажува на согледување на поголема веројатност од идни насилни настани на работното место.

Прашалникот за страв од идни насилни настани е составен од 13 ајтеми кои се однесуваат на чувството на страв поврзано со насилни настани на работното место кај испитаниците, при што во врска со секој ајтем испитаниците го изразуваат степенот на своето согласување на петтостепена скала, кадешто: *1 = воопшто не се согласувам, 2 = не е согласувам, 3 = неутрален сум, 4 = се согласувам, 5 = целосно се согласувам*. Вкупниот скор се добива како збир од бодовите на поединечните ајтеми и се движи во опсегот од 13-65. Повисокиот скор укажува на поголем страв од насилни настани на работното место.

Прашалникот за емоционална состојба се состои од 12 ајтеми кои се фокусираат на тоа како испитаниците се чувствувале на емотивен план изминатата година. Испитаниците ја одредуваат фреквенцијата на психичките тегоби содржани во ајтемите на петтостепена скала кадешто: 0 = никогаш, 1 = ретко, 2 = понекогаш, 3 = често, 4 = секогаш, а кај инверзните ајтеми (*) бодирањето е обратно: 4 = никогаш, 3 = ретко, 2 = понекогаш, 1 = често, 0= секогаш. Вкупниот скор се добива како збир од бодовите на поединечните ајтеми и се движи во опсегот од 0-48. Повисокиот скор укажува на подобар квалитет на емоционалната состојба кај испитаникот.

Прашалникот за физичка здравствена состојба е составен од 13 ајтеми кои се однесуваа на тоа како испитаникот се чувствувавал физички во изминатата година. Испитаниците ја одредуваат фреквенцијата на физички проблеми содржани во ајтемите на петтостепена скала кадешто: 0 = никогаш, 1 = ретко, 2 = понекогаш, 3 = често, 4 = секогаш, а кај инверзните ајтеми (*) бодирањето е обратно: 4 = никогаш, 3 = ретко, 2 = понекогаш, 1 = често, 0= секогаш. Вкупниот скор се добива како збир од бодовите на поединечните ајтеми и се движи во опсегот од 0-65. Понискиот скор укажува на подобро физичко здравје кај испитаникот, односно, на помалку физички здравствени проблеми.

Прашалникот за афективна посветеност на организацијата е составен од 8 ајтеми кои ги одразуваат чувствата на вработените за организацијата во која работат. На петтостенема скала испитаниците го одредуваат степенот на своето согласување со тоа како тој ајтем ги одразува нивните чувства за организацијата. Притоа: 1 = воопшто не се согласувам, 2 = не е согласувам, 3 = неутрален сум, 4 = се согласувам, 5 = целосно се согласувам, а кај инверзните ајтеми (*) бодирањето е обратно: 5 = воопшто не се согласувам, 4 = не е согласувам, 3 = неутрален сум, 2 = се согласувам, 1 = целосно се

согласувам. Вкупниот скор се добива како збир од бодовите на поединечните ајтеми и се движи во опсегот од 8-40. Повисокиот скор укажува на повисок степен на афективна посветеност на организацијата.

Прашалникот за намера за напуштање на работата е составен од 3 ајтеми кои ги одразуваат намерите за напуштање на работата/професијата. Во врска со секој ајтем испитаникот го изразува степенот на своето согласување на петтостепена скала, кадешто: 1 = воопшто не се согласувам, 2 = не е согласувам, 3 = неутрален сум, 4 = се согласувам, 5 = целосно се согласувам. Вкупниот скор се добива како збир од бодовите на поединечните ајтеми и се движи во опсегот од 3-15. Повисокиот скор укажува на поголема намера за напуштање на работата.

2.7. Постапка на истражување

Истражувањето се спроведе во тек на месеците август-септември 2022 година. Задавањето на мерните инструменти,односно, прашалниците, беше во согласност со утврдените правила за информираната согласност, анонимност, зададеното упатство за начинот на пополнување на прашалниците, итн. За целите на ова истражување мерните инструменти беа администрирани групно во опфатените организации со истражувањето.

2.8. Статистичка обработка и анализа на податоците

Податоците се обработени и анализирани со софтверскиот пакет SPSS. Применета е дескриптивна и инференцијална статистика, при што од дескриптивната статистика пресметувани се фрекфенции, проценти, перцентили, аритметички средини, стандардни отстапувања, а од инференцијална статистика применети се t - тест за утврдување на статистичка значајност на разлики помеѓу аритметички средини, корелација и регресиони анализи.

3. ИСТРАЖУВАЧКИ РЕЗУЛТАТИ

Во согласност со поставеноста на истражувачкиот проблем, целите на истражувањето и начинот на поставеноста на истражувачките хипотези, резултатите од истражувањето се прикажани во два дела. Првиот дел се однесува на резултатите добиени од споредбите помеѓу испитаниците со различна честота на доживеални насилни настани на работното место во однос на перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата, додека вториот дел се однесува на резултатите за поврзаноста помеѓу доживеаното насилство на работно место и перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје кај обезбедувачите, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата.

3.1. Споредби помеѓу испитаниците со различна честота на доживеани насилни настани на работно место

Во овој дел се прикажани резултатите од споредбите помеѓу испитаниците со различна зачестеност на насилни настани на работното место во однос на перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата. За таа цел користен t - тест за утврдување на статистичка значајност на разлики во аритметички средини помеѓу две групи со еднаков број испитаници. Добиените резултати се насочени кон проверување на вистинитоста на хипотеза 1. За да се направат споредбите, најпрво е направена поделба на испитаниците во две групи во зависност од фреквенцијата со која доживувале насилни настани на работното место. Од Табела 2 се забележува дека најнискиот скор за честота на насилни настани на работно место изнесува 36, а највисокиот 68. Бидејќи е потребно испитаниците да се поделат во две групи, одредена е вредноста на 50-тиот и 100-тиот перцентил и како што може да се забележи од Табела 5, истите имаат вредност 55,00 и 68,00 соодветно. Тоа значи дека групата испитаници со помалку доживеани насилни настани на работното место ќе ја сочинуваат оние испитаници чии скорови се движат од 36-55, а групата испитаници со повеќе доживеани насилни настани на

работното место ќе ја сочинуваат оние испитаници чии скорови се движат од 56-68. Врз основа на добиените резултати и двете групи се составени од по 20 испитаници.

Табела 2. Фреквенција на добиените скорови за честота на доживеани насилни настани на работно место

Честота на доживеано насилство на работно место

		Frequency	Percent	Valid Percent	Cumulative Percent
Valid	36	1	2,5	2,5	2,5
	38	2	5,0	5,0	7,5
	39	2	5,0	5,0	12,5
	42	1	2,5	2,5	15,0
	44	1	2,5	2,5	17,5
	45	1	2,5	2,5	20,0
	47	2	5,0	5,0	25,0
	49	1	2,5	2,5	27,5
	50	2	5,0	5,0	32,5
	51	2	5,0	5,0	37,5
	52	2	5,0	5,0	42,5
	53	2	5,0	5,0	47,5
	54	1	2,5	2,5	50,0
	56	1	2,5	2,5	52,5
	57	1	2,5	2,5	55,0
	58	2	5,0	5,0	60,0
	59	1	2,5	2,5	62,5
	60	4	10,0	10,0	72,5
	61	1	2,5	2,5	75,0
	62	1	2,5	2,5	77,5
	63	1	2,5	2,5	80,0
	64	3	7,5	7,5	87,5
	65	1	2,5	2,5	90,0
	66	2	5,0	5,0	95,0
	67	1	2,5	2,5	97,5
	68	1	2,5	2,5	100,0
	Total	40	100,0	100,0	

Табела 3. Перцентили на фреквенциите на добиените скорови за честота на доживеани насилни настани на работно место

Statistics

Честота на доживеано насилство на работно место

N	Valid	40
	Missing	0
Percentiles	50	55,00
	100	68,00

Во Табела 4 е прикажана дескриптивната статистика за групите испитаници со различна честота на доживеано насилство на работното место.

Табела 4. Дескриптивна статистика за групите испитаници со различна честота на доживеано насилство на работното место

Group Statistics


	Честота на доживеано насилство на работно место	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Честота на доживеано насилство на работно место	Помалку доживеани насилни настани на работно место	20	46,50	5,934	1,327
	Повеќе доживеани насилни настани на работно место	20	61,90	3,508	,784

Во Табела 5 и на Графикон 1 се прикажани дескриптивните статистистички резултати за перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани на работното место за групите испитаници со различна честота на доживеано насилство на работното место.

Табела 5. Групна дескриптивна статистика за перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани на работното место на испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Group Statistics

	Честота на доживеано насилство на работно место	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Веројатност на идни насилни настани	Помалку доживеани насилни настани на работно место	20	44,70	5,992	1,340
	Повеќе доживеани насилни настани на работно место	20	54,90	4,621	1,033



Графикон 1. Перцепција на веројатноста на идни насилни настани на работното место на испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Табела 6 го содржи резултатот од t - тестот за статистичката значајност на добиената разлика во аритметичките средини помеѓу двете групи испитаници, во однос на перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани на работното место, кој е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 1.1.

Табела 6. Разлика помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос на перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани на работното место

Independent Samples Test

		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									95% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Веројатност за идни насилни настани	Equal variances assumed	1,424	,240	-6,028)	38	,000	-10,200)	1,692	-13,625)	-6,775)
	Equal variances not assumed			-6,028)	35,696	,000	-10,200)	1,692	-13,633)	-6,767)


Во Табела 7 и на Графикон 2 се прикажани дескриптивните статистистички резултати за перцепцијата на стравот од идни насилни настани на работното место за групите испитаници со различна честота на доживеано насилство на работното место.

Во Табела 8 е прикажан резултатот од t - тестот за статистичката значајност на добиената разлика во аритметичките средини помеѓу групите испитаници во однос на стравот од идни насилни настани на работа, кој е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 1.2.

Табела 7. Групна дескриптивна статистика за страв од идни насилни настани на работното место за испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Group Statistics

	Честота на доживеано насилство на работно место	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Страв од идни насилни настани	Помалку доживеани насилни настани на работно место	20	39,20	5,597	1,252
	Повеќе доживеани насилни настани на работно место	20	58,15	4,749	1,062



Графикон 2. Страв од идни насилни настани на работното место кај испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Табела 8. Разлика помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос на стравот од иднии насилни настани на работното место

Independent Samples Test


		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									95% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Страв од идни насилни настани	Equal variances assumed	,206	,653	-11,545)	38	,000	-18,950)	1,641	-22,273)	-15,627)
	Equal variances not assumed			-11,545)	37,019	,000	-18,950)	1,641	-22,276)	-15,624)

Табела 9 и на Графикон 3 ги содржат дескриптивните резултати за квалитетот на емоциналната состојба за групите испитаници со различна честота на доживеано насилство на работното место.

Табела 9. Групна дескриптивна статистика за квалитет на емоционална состојба на испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Group Statistics

	Честота на доживеано насилство на работно место	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Квалитет на емоционална состојба	Помалку доживеани насилни настани на работно место	20	40,10	3,508	,784
	Повеќе доживеани насилни настани на работно место	20	32,40	1,984	,444



Графикон 3. Квалитет на емоционална состојба кај испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Во Табела 10 е прикажан резултатот од t - тестот за статистичката значајност на добиената разлика во аритметичките средини помеѓу групите испитаници во однос на квалитетот на нивната емоционална состојба, кој е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 1.3.

Табела 10. Разлика помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос на квалитетот на емоционалната состојба

Independent Samples Test


		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									95% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Квалитет на емоционална состојба	Equal variances assumed	4,356	,044	8,544	38	,000	7,700	,901	5,876	9,524
	Equal variances not assumed			8,544	30,029	,000	7,700	,901	5,860	9,540

Табела 11 и Графикон 4 се однесуваат на групната дескриптивна статистика за квалитетот на физичкото здравје кај испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место.

Табела 11. Групна дескриптивна статистика за проблеми со физичко здравје кај испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Group Statistics

	Честота на доживеано насилство на работно место	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Проблеми со физичко здравје	Помалку доживеани насилни настани на работно место	20	24,25	3,007	,672
	Повеќе доживеани насилни настани на работно место	20	30,65	2,455	,549



Графикон 4. Проблеми со физичко здравје кај испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Резултатот од t - тестот за статистичката значајност на добиената разлика во аритметичките средини помеѓу групите испитаници во однос на проблемите со нивното физичко здравје, кој е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 1.4 е прикажан во Табела 12.

Табела 12. Разлика помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос на квалитетот на физичкото здравје

Independent Samples Test


		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									95% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Differenc e	Std. Error Differenc e	Lower	Upper
Проблеми со физичко здравје	Equal variances assumed	,740	,395	-7,373)	38	,000	-6,400)	,868	-8,157)	-4,643)
	Equal variances not assumed			-7,373)	36,541	,000	-6,400)	,868	-8,159)	-4,641)

Дескриптивната статистика во Табела 13 и на Графикон 5 се однесува на афективната посветеност на организацијата за групите испитаници со различна честота на доживеано насилство на работното место.

Табела 13. Групна дескриптивна статистика за афективната посветеност на организацијата кај испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Group Statistics

	Честота на доживеано насилство на работно место	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Афективна посветеност на организацијата	Помалку доживеани насилни настани на работно место	20	35,10	2,511	,561
	Повеќе доживеани насилни настани на работно место	20	32,60	1,569	,351



Графикон 5. Афективна посветеност на организацијата кај испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Резултатот од t - тестот за статистичката значајност на добиената разлика во аритметичките средини помеѓу групите испитаници во однос на афективната посветеност на организацијата е прикажан во Табела 14 и истиот е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 1.5.

Табела 14. Разлика помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос афективната посветеност на организацијата

Independent Samples Test


		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									95% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Афективна посветеност на организацијата	Equal variances assumed	1,544	,222	3,776	38	,001	2,500	,662	1,160	3,840
	Equal variances not assumed			3,776	31,879	,001	2,500	,662	1,151	3,849

На крајот од овој дел, во Табела 15 и на Графикон 6 е даден приказ на дескриптивната статистика за намерата за напуштање на работата за групите испитаници со различна честота на доживеано насилство на работното место.

Табела 15. Групна дескриптивна статистика за намера за напуштање на работата кај испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Group Statistics

	Честота на доживеано насилство на работно место	N	Mean	Std. Deviation	Std. Error Mean
Намера за напуштање на работата	Помалку доживеани насилни настани на работно место	20	7,25	1,803	,403
	Повеќе доживеани насилни настани на работно место	20	10,25	2,531	,566



Графикон 6. Намера за напуштање на работата кај испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место

Табела 16 го содржи резултатот од t - тестот за статистичката значајност на добиената разлика во аритметичките средини помеѓу групите испитаници во однос на намерата за напуштање на работата кој е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 1.6.

Табела 16. Разлика помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос намерата за напуштање на работата

Independent Samples Test

		Levene's Test for Equality of Variances		t-test for Equality of Means						
									95% Confidence Interval of the Difference	
		F	Sig.	t	df	Sig. (2-tailed)	Mean Difference	Std. Error Difference	Lower	Upper
Намера за напуштање на работата	Equal variances assumed	1,651	,207	-4,317)	38	,000	-3,000)	,695	-4,407)	-1,593)
	Equal variances not assumed			-4,317)	34,330	,000	-3,000)	,695	-4,412)	-1,588)

3.2. Резултати од корелациони анализи

Во овој дел се прикажани резултатите за поврзаноста на насилството на работното место со перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани, страв од идни насилни настани, квалитет на емоционална состојба и физичко здравје, афективна посветеност на организацијата и намера за напуштање на работата. За таа цел е применет Пирсонов коефициент на корелација. Добиените резултати се насочени кон проверување на вистинитоста на хипотеза 2.


Во Табела 17 и на Графикон 7 е даден приказ за резултатот од Пирсоновиот коефициент на корелација за поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани. Добиениот резултат е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 2.1.

Табела 17. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани

Correlations

		Честота на доживеано насилство на работно место	Веројатност за идни насилни настани
Честота на доживеано насилство на работно место	Pearson Correlation	1	,814**
	Sig. (2-tailed)		,000
	N	40	40
Веројатност за идни насилни настани	Pearson Correlation	,814**	1
	Sig. (2-tailed)	,000	
	N	40	40

**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).



Графикон 7. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани


Во Табела 18 и на Графикон 8 е прикажан резултатот од Пирсоновиот коефициент на корелација за поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и стравот од идни насилни настани. Добиениот резултат е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 2.2.

Табела 18. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и стравот од идни насилни настани

Correlations

		Честота на доживеано насилство на работно место	Страв од идни насилни настани
Честота на доживеано насилство на работно место	Pearson Correlation	1	,872**
	Sig. (2-tailed)		,000
	N	40	40
Страв од идни насилни настани	Pearson Correlation	,872**	1
	Sig. (2-tailed)	,000	
	N	40	40

**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).



Графикон 8. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и стравот од идни насилни настани


Табела 19 и Графикон 9 се однесуваат на поврзаноста на честотата на доживеано насилство на работното место со квалитетот на емоционалната состојба кај испитаниците. Вака добиениот резултат е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 2.3.

Табела 19. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и квалитетот на емоционалната состојба

Correlations

		Честота на доживеано насилство на работно место	Квалитет на емоционална состојба
Честота на доживеано насилство на работно место	Pearson Correlation	1	-,766)**
	Sig. (2-tailed)		,000
	N	40	40
Квалитет на емоционална состојба	Pearson Correlation	-,766)**	1
	Sig. (2-tailed)	,000	
	N	40	40

**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).



Графикон 9. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и квалитетот на емоционалната состојба


Во Табела 20 и на Графикон 10 е даден приказ на резултатот од Пирсоновиот коефициент на корелација кој се однесува на поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место со квалитетот на физичкото здравје кај испитаниците. Истиот е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 2.4.

Табела 20. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и проблемите со физичко здравје

Correlations

		Честота на доживеано насилство на работно место	Проблеми со физичко здравје
Честота на доживеано насилство на работно место	Pearson Correlation	1	,687**
	Sig. (2-tailed)		,000
	N	40	40
Проблеми со физичко здравје	Pearson Correlation	,687**	1
	Sig. (2-tailed)	,000	
	N	40	40

**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).



Графикон 10. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и проблемите со физичкото здравје


Табела 21 и Графикон 11 се однесуваат на поврзаноста на честотата на доживеано насилство на работното место и афективната посветеност на организацијата. Вака добиениот резултат е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 2.5.

Табела 21. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и афективната посветеност на организацијата

Correlations

		Честота на доживеано насилство на работно место	Афективна посветеност на организацијата
Честота на доживеано насилство на работно место	Pearson Correlation	1	-,361)*
	Sig. (2-tailed)		,022
	N	40	40
Афективна посветеност на организацијата	Pearson Correlation	-,361)*	1
	Sig. (2-tailed)	,022	
	N	40	40

*. Correlation is significant at the 0.05 level (2-tailed).



Графикон 11. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и афективната посветеност на организацијата

На крајот од овој дел, во Табела 22 и на Графикон 12 е прикажан резултатот од Пирсоновиот коефициент на корелација за поврзаноста на честотата на доживеано насилство на работното место и намерата а напуштање на работата. Вака добиениот резултат е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 2.6.

Табела 22. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и намерата за напуштање на работата

Correlations

		Честота на доживеано насилство на работно место	Намера за напуштање на работата
Честота на доживеано насилство на работно место	Pearson Correlation	1	,581**
	Sig. (2-tailed)		,000
	N	40	40
Намера за напуштање на работата	Pearson Correlation	,581**	1
	Sig. (2-tailed)	,000	
	N	40	40

**. Correlation is significant at the 0.01 level (2-tailed).



Графикон 12. Поврзаност помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и намерата за напуштање на работата

4. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ИСТРАЖУВАЧКИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Ова поглавје ја содржи интепретацијата на добиените резултати од истражувањето и има за цел да ја провери и утврди вистинитоста на истражувачките хипотези, да ги прифати како вистинити или да ги отфрли како невистинити и со тоа да одговори на истражувачкиот проблем и да ги реализира поставените цели на истражувањето.

Во врска со споредбите поврзани со хипотеза 1, t-тестот за разликата помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос на перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани, кој е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 1.1., покажа дека постои статистички значајна разлика помеѓу обезбедувачите кои доживеале помал број на насилни настани на работното место во однос на перцепцијата на веројатноста на идни насилни нстани (M = 44,70; SD = 5,992) во споредба со нивните колеги кои имаат повеќе доживеани насилни настани на работното место (M = 54,90; SD = 4.621) на ниво помало од 0.01 (t (38) = - 6,028 p = 0.000). Овој **резултат ја потврдува вистинитоста на хипотеза 1.1**., според која, *постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани.*

Резултатот од t-тестот за разликата помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос на стравот од идни насилни настани покажа дека постои статистички значајна разлика помеѓу обезбедувачите кои доживеале помалку насилни настани на работното место во однос на стравот од идни насилни нстани (M = 39,20; SD = 5,597) во споредба со обезбедувачите кои имаат повеќе доживеани насилни настани на работното место (M = 58,15; SD = 4,479) на ниво помало од 0.01 (t (38) = - 11,545 p = 0.000). Вака добиениот резултат **ја потврдува вистинитоста на хипотеза 1.2**., според која, *постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на стравот од идни насилни настани*.

Во врска со споредбата помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место, а во однос на квалитетот на нивната емоционална состојба, t-тестот исто така покажа статистички значајна разлика помеѓу обезбедувачите со помал број на насилни настани на работно место (M = 40,10; SD = 3,508) споредено со обезбедувачите кои имаат поголем број на доживеани насилни настани на работното место

(M = 32,40; SD = 1,984), разлика која е значајнана ниво помало од 0.01 (t (38) = 8,544 p = 0.000). На тој начин **е потврдена вистинитоста и на хипотеза 1.3**., со која се претпоставуваше дека, *постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на квалитетот на емоционалната состојба.*

Споредбата помеѓу испитаниците со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на пробелмите со физичкото здравје со примена на t-тестот, чиј резултат е насочен кон проверување на вистинитоста на хипотеза 1.4., укажува на тоа дека постои статистички значајна разлика помеѓу обезбедувачите со помал број на насилни настани на работно место (M = 24,25; SD = 3,027) во споредба со обезбедувачите кои имаат поголем број на доживеани насилни настани на работното место (M = 30,65; SD = 2,455) во однос на проблемите со нивното физичко здравје. Добиената разлика е значајна на ниво помало од 0.01 (t (38) = - 7,373 p = 0.000), што ја **потврдува вистинитоста и на хипотеза 1.4**., според која, *постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос проблемите со физичкото здравје.*

Резултатот од t-тестот со кој се проверува статистичката значајност на разликата во аритметичките средини помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос на нивната афективна посветеност кон организацијата, покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу обезбедувачите со помал број на насилни настани на работно место (M = 35,10; SD = 2,511) во споредба со обезбедувачите кои имаат поголем број на доживеани насилни настани на работното место (M = 32,60; SD = 1,569) кога станува збор за афективната посветеност на организацијата. Добиената разлика е значајна на ниво помало од 0.01 (t (38) = 3,776 p = 0.001). Ваквиот резултат ја **потврдува вистинитоста и на хипотеза 1.5**., според која, *постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос афективната посветеност на организацијата.*

На крајот, добиениот резултат од t-тестот за статистичката значајност на разликата во аритметичките средини помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работно место во однос на нивната намера за напуштање на работата, покажува дека постои статистички значајна разлика помеѓу обезбедувачите со помал број

на насилни настани на работно место (M = 7,25; SD = 1,803) во споредба со обезбедувачите кои имаат повеќе доживеани насилни настани на работното место (M = 10,25; SD = 2,531) во однос на наведената варијабла. Добиената разлика е значајна на ниво помало од 0.01 (t (38) = - 4,317 p = 0.000) и ја **потврдува вистинитоста на хипотеза 1.6**., според која, *постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на намерата за напуштање на работата.*

Со оглед на тоа дека е потврдена вистинитоста на сите шест потхипотези на хипотеза 1, може да се каже дека **хипотеза 1**, според која, *постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство на работното место во однос на перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата*, **се прифаќа како вистинита.**

Во врска со поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и зависните варијабли на истражувањето, резултатот од Пирсоновиот коефициент на корелација за поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани, кој е насочен кон проверување на вистинитоста на хиптеза 2.1., покажува дека постои статистички значајна позитивна поврзаност помеѓу двете варијабли (r = 0.814, p = 0.000, p< 0.01), што значи дека колку е поголем бројот на доживеани насилни настани на работно место толку е поизразена перцепцијата на веројатноста на идни насилни настани. Овој резултат **ја потврдува вистинитоста на хипотеза 2.1**, со која се претпоставуваше дека, *честотата на насилство на работното место е поврзана со перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани кај обезбедувачите.*

Резултатот од Пирсоновиот коефициент на корелација за поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и стравот од идни насилни настани, е насочен кон проверување на вистинитоста на хиптеза 2.2. и покажува дека постои статистички значајна позитивна поврзаност помеѓу двете варијабли (r = 0.872, p = 0.000, p< 0.01), што значи дека колку е поголем бројот на доживеани насилни настани на работно место толку е поголем стравот од идни насилни настани. Вака добиениот резултат **ја**

потврдува вистинитоста на хипотеза 2.2., според која, *честотата на насилство на работното место е поврзана со стравот од идни насилни настани кај обезбедувачите.*

Пирсоновиот коефициент на корелација за поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и квалитетот на емоционална состојба е насочен кон проверување на вистинитоста на хиптеза 2.3. Истиот покажува дека постои статистички значајна негативна врска помеѓу овие две варијабли ($r = -0.766$, $p = 0.000$, $p < 0.01$), што укажува на тоа колку е почесто доживеаното насилство на работно место толку полош квалитетот на емоционалната состојба кај обезбедувачите. Резултатот **ја потврдува вистинитоста на хипотеза 2.3.**, според која, *честотата на насилство на работното место е поврзана со квалитетот на емоционалната состојба на обезбедувачите.*

Во врска со поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и проблемите со физичкото здравје, резултатот од Пирсоновиот коефициент на корелација за поврзаноста помеѓу овие две варијабли, кој е насочен кон проверување на вистинитоста на хиптеза 2.4., укажува на тоа дека постои статистички значајна позитивна поврзаност помеѓу нив ($r = 0.687$, $p = 0.000$, $p < 0.01$) и значи дека колку е поголем бројот на доживеани насилни настани на работно место толку се погочести проблемите со физичкото здравје кај обезбедувачите. Овој резултат **ја потврдува вистинитоста на хипотеза 2.4.**, со која се претпоставуваше дека, *честотата на насилство на работното место е поврзана со проблемите со физичкото здравје кај обезбедувачите.*

Пирсоновиот коефициент на корелација за поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и афективната посветеност на организацијата е насочен кон проверување на вистинитоста на хиптеза 2.5 и покажува дека постои статистички значајна негативна врска помеѓу овие две варијабли ($r = -0.361$, $p = 0.022$, $p < 0.05$), што укажува на тоа колку е почесто доживеаното насилство на работно место толку е понизок степен на афективна посветеност на организацијата кај обезбедувачите. Вака добиениот резултат **ја потврдува вистинитоста на хипотеза 2.5.**, според која, *честотата на насилство на работното место е поврзана со степенот на афективна посветеност на обезбедувачите на организацијата.*

Резултатот од Пирсоновиот коефициент на корелација за поврзаноста помеѓу честотата на доживеано насилство на работното место и намерата за напуштање на

работата, кој е насочен кон проверување на вистинитоста на хиптеза 2.6., покажува дека постои статистички значајна позитивна поврзаност помеѓу двете варијабли ($r = 0.581$, $p = 0.000$, $p< 0.01$), што значи дека колку е поголем бројот на доживеани насилни настани на работно место толку е поголема намерата за напуштање на работата. Овој резултат **ја потврдува вистинитоста на хипотеза 2.6.**, со која се претпоставуваше дека, *честотата на насилство на работното место е поврзана со намерата за напуштање на работата.*

Со оглед на тоа дека е потврдена вистинитоста на сите шест потхипотези на хипотеза 2, може да се каже дека **хипотеза 2**, според која, постои поврзаност помеѓу доживеаното насилство на работно место и перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје кај обезбедувачите, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата, **се прифаќа како вистинита.**

Имајќи го предвид фактот дека е потврдена вистинитоста на двете истражувачки хипотези, хипотеза 1 и хипотеза 2, може да се каже дека **генералната истражувачка хипотеза**, која претпоставуваше дека, постојат разлики помеѓу обезбедувачите со различна честота на доживеано насилство поврзано со работата во однос на перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата и постои поврзаност помеѓу доживеаното насилство на работно место и перцепцијата на веројатноста од идни насилни настани, стравот од идни насилни настани, психофизичкото здравје кај обезбедувачите, афективната посветеност на организацијата и намерата за напуштање на работата, **се прифаќа како целосно вистинита.**

ЗАКЛУЧОК

Основен проблем на истражувањето беше: Кои се последиците од насилството поврзано со работата врз здравјето, посветеноста на организацијата и намерите за напуштање на работата кај обезбедувачите?

